Универзитет „Св Кирил и Методиј"
Архитектонски факултет - Скопје
Внатрешна архитектура 1.2

Учебна 2019 - 2020
Летен семестар 2020

1

**Учење = сеќавање на себе си!**

Педагошки тим:

1. Митко Хаџи-Пулја
2. Дарко Драгановски
3. Никола Милосављевски
4. Теодора Илиевска
5. Владимир Стефановски - стручен соработник

Воведно предавање во тематското подрачје „Феноменологија на внатрешниот простор".

**Присуство, атмосфера и соба**

**За природата на внатрешниот простор**

Воведен прилог за трансцедентланата категорија простор * како облик на свеста, облик на согледба, облик на поврзување на осетите, сензациите во смисловни забележувања, лични проекции. Неговата суштественост, ставање во суштина, на/во актите на човековото создавање, филогенетско присвојување, во субјективизирањето на објектите за онтолошката и етичка димензија на просторноста

* Просторот и времето се два ипостаси, две интуиции за едното





# ОТЕЦ ПАВЕЛ ФЛОРЕНСКИ
## 1882 - 1937

2

## ЗНАЧЕНИЕ НА ПРОСТОРНОСТА

ПРЕДАВАЊЕТО ГО ОДРЖАЛ НА 18 АПРИЛ 1925 ГОДИНА

*

Отецот Павел Александрович Флоренски е необично сестрана, и во тоа смисла единствена личност. Тој пред се е Православен Свештеник, Богослов, филозоф, математичар, физичар, биолог, геолог, археолог, потоа историчар и теоретичар на уметноста, научник пронаоѓач и конструктор во областа на електротехниката!
Во 1921 година бил именуван за професор на престижната и во светски рамки важната Висока школа за уметност и техника во Москва, ВКхУТЕМАС, каде предавал до 1924 година. Потој повод ги создава предавањата „Анализа на просторот и времето во делата на фигуративните уметности", и како што самиот тој вели „...требаше да ја создадам оваа дисциплина служејќи се со математиката, физиката, психологијата и естетиката" (1)
Неговите предавања, всушност духовни сведоштва, претставуваат филозофско гносеолошка интерпретација на представата за просторот и имаат специфичен онтолошки дискурс, нагласок. Тој, потеклото, генезата на културата, и со тоа просторноста како обединувачка, оцелотворувачка суштина, ја објаснува преку религиозното чувство, верувањето кое предпоставува целина меѓу небесното и земното, менталното и чувственото, меѓу духовното и телесното, меѓу Бог и човек, што и го вленува на мистеријата за Христовата богочовечност. Со своето учење за битијноста, онтологијата на сознанието, на епистемолошките проекции, тој прави суштествен квалитативен придонес во комплексната педагогија на новата архитектонска програма, школа. Обединувајќи ги доброто, убавото и вистинското, и љубовта како темел на единството, тој го става етичкото во фокусот на знаењето, како и личносната партиципација.

ВО ТОЈ ПЕРИОД, 1920-1930 ГОДИНИ НА ВКхУТЕМАС, ОСНОВНИОТ КУРСОТ ЗА АРХИТЕКТУРА, ЗА ПРОСТОР, „ПРОСТРАНСТВО" ГО РАКОВОДИ КЛУЧНИОТ ПЕДАГОГ, ТВОРЕЦ И ИНОВАТОР НА НОВАТА НАСТАВНА ПРОГРАМА НИКОЛАЈ АЛЕКСАНДРОВИЧ ЛАДОВСКИ, 1881-1941 ГОДИНА. ТОЈ ГИ НАДМИНУВА ТЕХНОЛОШКИОТ ФОРМАЛИЗАМ И ФОРМАЛИСТИЧКИОТ КОНСТРУКТИВИЗАМ И РАЗВИВА КОМПЛЕКСЕН „ПСИХО АНАЛИТИЧКИ" ИЛИ „ПСИХО ТЕХНИЧКИ" МЕТОД НА ОБЛИКУВАЊЕ НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ПРОСТОР, СТАВАЈЌИ ГО СУБЈЕКТОТ ВО СРЕДИШТЕТО.

СКЛАДНОСТА, СИНЕРГИЈАТА НА ОВИЕ ДВЕ КАТЕГОРИЈАЛНИ ГЛЕДИШТА ВО/ЗА ФУНКЦИЈАТА НА ПРОСТОРНОСТА, СЕСЕСТРАНО ОТЕЛОТВОРУВАЊЕТО НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ПРОСТОР, А ТОА СЕ ОНТОЛОШКИТЕ ПРОЕКЦИИ НА ПАВЛЕ ФЛОРЕНСКИ И ФЕНОМЕНОЛОШКИТЕ РЕДУКЦИИ НА НИКОЛАЈ ЛАДОВСКИ, РЕЗУЛТИРААТ ВО НАСТАВЕН ПРОГРАМ НА НОВАТА ШКОЛА СО ОСОБИТА ПЕДАГОШКА И КУЛТУРОЛОШКА ВРЕДНОСТ. ТАКА, ВО СМИСЛА НА ПОДДРШКА НА ПРИРОДНИОТ МОДЕРНИЗАМ, ИМА ОПШТОЦИВИЛИЗАЦИСКО ЗНАЧЕЊЕ, ВРАЌАЊЕ ВО ЛИЧНОСТА, ПРЕКУ ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА ВИСТИНАТА.


БИБЛИОГРАФИЈА
ЦИТАТИ

(1) СПОРЕД ЖЛЕБЕ МИЛАН,
ВО ПОТРАГА ПО ЖИВАТА ВИСТИНА,
РЕЛИГИОЗНОТО ИСКУСТВО НА ПАВЕЛ А. ФЛОРЕНСКИ
ЦИТАТ ОД НЕГОВАТА „АВТОБИОГРАФИЈА"
СТР. 131
ИЗДАНИЕ ДОМОСТРОЈ, СКОПЈЕ, 2010

(2) СПОРЕД ПАВЕЛ ФЛОРЕНСКИ,
ПРОСТОР И ВРЕМЕ У УМЕТНИЧКИМ ДЕЛИМА
ИЗДАНИЕ СЛУЖБЕН ГЛАСНИК, БЕОГРАД, 2013
СТР. 252-254

(3). СПОРЕД ПАВЕЛ А. ФЛОРЕНСКИ
ОБРАТНА ПЕРСПЕКТИВА, И
ИКОНОСТАС
ИЗДАНИЕ МАНАСТИР ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА ЕЛЕУСА, ВЕЉУСА 20
· ИКОНОСТАС СТР. 131

(4) ИБИД, СТР. 133 (4)· СТР. 310

(5) · ОБРАТНА ПЕРСПЕКТИВА СТР. 105-106

(6) ИБИД, СТР. 98-99

# ОТЕЦ ПАВЕЛ ФЛОРЕНСКИ



## ЗНАЧЕЊЕ НА ПРОСТОРНОСТА

/ИЗВАДОК/

....

ПРОБЛЕМОТ НА ПРОСТОРОТ СЕ НАОЃА ВО САМОТО СРЕДИШТЕ НА ПОГЛЕДОТ НА СВЕТОТ НА СИТЕ СИСТЕМИ НА МИСЛЕЊЕ КОИ СЕ ПОЈАВУВААТ; ТОЈ ЈА ПРЕДОДРЕДУВА СТРУКТУРАТА НА ЦЕЛИОТ СИСТЕМ. СО ОДРЕДЕНИ ОГРАНИЧУВАЊА И ОБЈАСНУВАЊА, БИ МОЖЕЛО ПРОСТОРОТ ДА СЕ СМЕТА ЗА ПРАВИОТ И ПРВОБИТНИОТ ПРЕДМЕТ НА ФИЛОСОФИЈАТА, ВО ОДНОС НА КОГО СИТЕ ДРУГИ ФИЛОСОФСКИ ТЕМИ ТРЕБА ДА БИДАТ ОЦЕНЕТИ КАКО ВТОРОСТЕПЕНИ. ДА ПОВТОРИМЕ: ПОИМАЊЕТО НА СВЕТОТ Е ПОИМАЊЕ НА ПРОСТОРОТ.

ОД НАВЕДЕНОТО ПРОИЗЛЕГУВА И СООДВЕТЕН СУД ЗА УМЕТНОСТА. БИДЕЈЌИ, УМЕТНОСТА ВО НИЕДЕН СЛУЧАЈ НЕ МОЖЕ ДА СЕ РАЗБЕРЕ ОДВОЕНО ОД ЖИВОТОТ. ОНИЕ СТРАНИ И СВОЈСТВА НА ЖИВОТОТ КОИ ВО ФИЛОСОФИЈАТА И НАУКАТА СЕ ЗАЦВРСТУВААТ СО ЛОГИЧКИ СИМБОЛИ, ВО УМЕТНОСТА ДОБИВААТ СИМБОЛИЧКИ ФОРМУЛИ, ИЗРАЗЕНИ ПРЕКУ СЛИКИ. ....УМЕТНИЧКИТЕ СЛИКИ /ПРЕДСТАВИ/ СЕ ФОРМУЛИ ЗА ГЛЕДАЊЕ НА СВЕТОТ, ПАРАЛЕЛНИ СО ЦЕЛИТЕ ТАКВИ ФОРМУЛИ ВО НАУКАТА И ФИЛОСОФИЈАТА.
ПРОБЛЕМОТ НА ПРОСТОРОТ, КОЈ Е ПРИМАРЕН ВО АПСТРАКТНИОТ ИЗРАЗ ВО ПОГЛЕДОТ НА СВЕТОТ (КАКО КАЈ НАУКАТА И ФИЛОСОФИЈАТА) НЕ МОЖЕ ДА БИДЕ СЕКУНДАРЕН ВО СЛИКОВИТИОТ ИЗРАЗ НА ЦЕЛИОТ ТОЈ ПОГЛЕД НА СВЕТ... СУШТИНСКОТО ОБЕЛЕЖЈЕ НА УМЕТНИЧКОТО ДЕЛО... Е СТРУКТУРАТА НА НЕГОВИОТ ПРОСТОР.... СО ГУБЕЊЕТО НА НЕГОВАТА ПРОСТОРНОСТ, УМЕТНИЧКОТО ДЕЛО ПРЕСТАНУВА ДА ПОСТОИ
ВО УМЕТНОСТА, ПРОСТОРОТ НА ДЕЛОТО ЈА ЧИНИ САМАТА СРЖ, ОНА ШТО СО СОЗДАВАЊЕТО СЕ ДОБИВА, И ТОА Е ВИСТИНСКАТА ФОРМА НА ДЕЛОТО.... ТОА СЕКАКО НЕ Е СÈ, НО Е ОСНОВНО И ПРИМАРНО. ...

...ЗА ДА ПРОНИКНЕМЕ ВО УМЕТНИЧКОТО ДЕЛО КАКО ТАКВО, ТОА МОЖЕМЕ ДА ГО НАПРАВИМЕ САМО СО РАЗБИРАЊЕТО НА НЕГОВАТА ПРОСТОРНА ОРГАНИЗАЦИЈА. (2)

# Иконостас

* Делото „Иконостас“ е напишано врз основа на материјалот од предавањата по Филозофија на култот, кои Павел Александрович Флоренски ги одржал во текот на 1918 год на Московската духовна академија. Конечната верзија е од 1922 година. Претставува проблемска целина со делото „Обратна перспектива“.

/Извадок

..... Тоа што е кажано за сонот, треба да биде повторно со мали измени за секој премин од сфера во сфера. Така, во уметничкото творештво душата се оттргнува од земниот свет и се вознесува до небесниот. Таму, без образи, таа се храни со созерцување на суштината на небесниот свет, ги согледува вечните ноумени на нештата и така нахранета, обременета со знаење, повторно слегува во земниот свет. И тука, на патот надолу, на границата на влегување во земното, нејзината духовна собраност (концентрираност) се изразува во симболички образи – истите оние кои, штом се утврдат (фиксираат), даваат уметничко дело. Затоашто уметноста е отелотворено сновидение. (3)

.....

Општиот закон е насекаде еден: душата се издигнува од видливото и губејќи го него од вид, ѝ се восхитува на невидливото – тоа е дионисиско раскинување на врските на видливото. И, вивнувајќи се во височините, во невидливото, таа повторно се спушта во видливото, и тогаш пред неа веќе се појавуваат симболичките образи на светот на невидливото – обличјата на нештата – идеите – тоа е аполонската претстава за духовниот свет. (4)

....

# ОБРАТНА ПЕРСПЕКТИВА

* ДЕЛОТО „ОБРАТНА ПЕРСПЕКТИВА" ПАВЕЛ ФЛОРЕНСКИ ГО НАПИШАЛ ВО ТЕКОТ НА МЕСЕЦ ОКТОМВРИ 1919, КАКО РЕФЕРАТ ПРИ КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА УМЕТНОСТА И СТАРИНИТЕ НА ТРОИЦКО-СЕРГИЕВАТА ЛАВРА.
СПОРЕД ЗБОРОВИТЕ НА АВТОРОТ, „ОБЈЕКТ НА АНАЛИЗА Е..." ПРЕОСТАВУВАЊЕ НА ПОИМОТ ЗА ОРГАНСКА МИСЛА ЗА СВЕТОТ (4)"

/ИЗВАДОК

.....

ОНА ШТО ТРЕБА ДА СЕ НАРЕКУВА ВИЗУЕЛЕН УМЕТНИЧКИ ОБРАЗ - Е ПСИХИЧКА СИНТЕЗА НА БЕЗКОНЕЧНО МНОГУ ВИЗУЕЛНИ ВОСПРИЕМАЊА ОД РАЗЛИЧНИ ГЛЕДНИ ТОЧКИ, И ТОА СЕКОГАШ ОБОДНИ; ТОА Е - ИНТЕГРАЛ НА ДВОЕДИНСТВЕНИ ОБРАЗИ.

....

ТОЈ ШТО НЕ ГИ УСВОИЛ АКСИОМИТЕ НА ДОКОВИТО-СИНТЕТИЧКАТА ПРИРОДА НА ВИЗУЕЛНИТЕ ОБРАЗИ, НЕКА НЕ ПРИСТАПУВА КОН ТЕОРИЈАТА НА ГЛЕДАЊЕ (НА ВИЗУЕЛИЗИРАЊЕ), А УШТЕ ПОВЕЌЕ КОН УМЕТНИЧКО ГЛЕДАЊЕ.

...

СВЕТОТ Е ЖИВОТ, А НЕ СТАМЕНИТА НЕПОДВИЖНОСТ. ЗНАЧИ, ОВДЕ ПОВТОРНО ТВОРЕЧКИОТ ДУХ НА УМЕТНИКОТ ТРЕБА ДА СИНТЕТИЗИРА, ОБРАЗУВАЈЌИ ИНТЕГРАЛИ НА ПОСЕБНИТЕ АСПЕКТИ НА РЕАЛНОСТА, НА НЕЗБИНИТЕ МИГНОВЕНИ ПРЕСЕЦИ ПО КООРДИНАТАТА НА ВРЕМЕТО. УМЕТНИКОТ ИЗОБРАЗУВА, НЕ ОПРЕДЕЛЕНО НЕШТО, ТУКУ ЖИВОТОТ НА НЕШТОТО СПОРЕД СОПСТВЕНИОТ ВПЕЧАТОК ЗА НЕГО. (5)

....

ПО ПРАШАЊЕТО ЗА ПРОСТОРОТ НА СВЕТОТ, ТРЕБА ДА СЕ КАЖЕ ДЕКА ВО САМИОТ ПОИМ НА ПРОСТОРОТ СЕ РАЗЛИКУВААТ ТРИ, НИМАЛКУ ИДЕНТИЧНИ МЕЃУ СЕБЕ, СЛОЈА. ОДНОСНО: АПСТРАКТЕН ИЛИ ГЕОМЕТРИСКИ ПРОСТОР, ФИЗИЧКИ ПРОСТОР, И ФИЗИОЛОШКИ ПРОСТОР, ПРИ ШТО ВО ОВА ПОСЛЕДНОТО, ПО СВОЈ РЕД, СЕ РАЗЛИКУВААТ, ВИЗУЕЛЕН ПРОСТОР, ПРОСТОР НА ДОПИР, ПРОСТОР НА СЛУХ, ПРОСТОР НА МИРИС, ПРОСТОР НА ВКУС, ПРОСТОР НА ОПШТОТО ОРГАНСКО ЧУВСТВО, ИТН., СО НИВНИТЕ ПОНАТАМОШНИ ПОСЕБНИ ПОДЕЛБИ.

....

ГЕОМЕТРИЈАТА НА ЕВКЛИД Е ЕДНА ОД БЕЗБРОЈНИТЕ ГЕОМЕТРИИ...

(6)